
ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ



СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

Излегува по потреба	Број 56	30.05.2025 год.

ЈЕГУНОВЦЕ,МАЈ 2025

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002 и „Сл. весник на РСМ„ бр.202/24) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за недавање на согласност на Завршната сметка на Центарот за развој на Полошки плански регион за 2024 година

Се прогласува Одлуката за недавање на согласност на Завршната сметка на Центарот за развој на Полошки плански регион за 2024 година, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 30.05.2025 год.

Бр. 09-1252/1
30.05.2025 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02 и „Сл.весник на РСМ„ бр 202/24) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на педесет и шестата седница одржана на ден 30.05.2025 год. донесе

О Д Л У К А

за недавање на согласност на Завршната сметка на Центарот за развој на Полошки плански регион за 2024 год.

Член 1

Советот на Општина Јегуновце не дава согласност на Завршната сметка на Центарот за развој на Полошки плански регион за 2024 год. бр.05-79/1 и 05-79/2 од 14.03.2025 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето на „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр. 08-1220/3
30.05.2025 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002 и „Сл. весник на РСМ„ бр.202/24) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за недавање на согласност на Годишниот извештај за спроведување на програмата за развој на Полошки плански регион 2021-2026 за 2024 година

Се прогласува Одлуката за недавање на согласност на Годишниот извештај за спроведување на програмата за развој на Полошки плански регион 2021-2026 за 2024 година, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 30.05.2025 год.

Бр. 09-1252/2
30.05.2025 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02 и „Сл.весник на РСМ„ бр 202/24) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на педесет и шестата седница одржана на ден 30.05.2025 год. донесе

О Д Л У К А

за недавање на согласност на Годишен извештај за спроведување на програмата за развој на Полошки плански регион 2021-2026 за 2024 година .

Член 1

Советот на Општина Јегуновце не дава согласност на Годишниот извештај за спроведување на програмата за развој на Полошки плански регион 2021-2026 за 2024 година бр09-83/1 од 24.03.2025 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето на „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр. 08-1220/4
30.05.2025 г.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески , с.р.

Врз основа на член 86 од Законот за општа управна постапка (Службен весник на РМ бр.124/15 и 65/18) Општина Јегуновце врши

ЈАВНА ОБЈАВА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ

Општина Јегуновце му соопштува на лицето Шаќир Шаќири од с.Седларево ул.101 бр.бб Општина Желино, дека има донесено Решение бр.16-4/2025 од 17.02.2025 год., од страна на Општина Брвеница-Одделение за инспекциски работи а во врска со бесправно градење на индивидуална стамбена зграда со Гаража со димензии 10,00мх 11,00м Зграда, 7,00мх 4,20м гаража, и 4,00мх 4,00м тераса со влезни скали, кои се гради на КП.бр.355/2 КО Прељубиште – Општина Јегуновце, сопственост на инвеститерот.

Поради тоа што и по два последователни обиди за уредно доставување преку пошта достават не е успешна, се повикува горенаведеното лице во рок од осум (8) дена од денот на објавувањето на ова соопштение да се јави во службените простории на Општина Јегуновце за прием на Решението, секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот.

Доколку горенаведеното лице не се јави во рок од осум (8) дена, оваа јавна објава ќе се смета за уредна достава согласно член 87 став 2 од Законот за општа управна постапка (Службен весник на РМ бр.124/15 и 65/18).

Бр./Nr. 11-1172/1
23.05.2025 год./vit

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Në bazë të nenit 86 të Ligjit për procedurë të përgjithshme administrative („Gazeta zyrtare e RM-së nr. 124/15 dhe 65/18) Komuna e Jegunovcit

SHPALLJE PUBLIKE PËR DORËZIMIN E AKTVENDIMIT

Komuna e Jegunovcit e lajmëron personin Shaqir Shaqiri nga f. Sallarevë rr. 101 nr. pn Komuna e Zhelinës, se ka marrë Aktvendim nr. 16-4/2025 të datës 17.02.2025, nga ana e Komunës së Bërvenicës –Njësia për punë inspekcioni lidhur me ndërtimin pa leje të objektit për banim individual me garazhë me dimensione 10,00 m x11,00 m objekt, 7,00 m x4,20 m garazhë dhe 4,00 m x4,00m tarracë me shkallë për hyrje, e cila ndërtohet në PK nr. 355/2 KK Prelubishtë-Komuna e Jegunovcit, në pronësi të investitorit.

Për arsye se edhe pas dy tentimeve radhazi për dorëzim nëpërmjet pastës, dorëzimi nuk ishte i suksesshëm, ftohet personi i lartpërmendur në afat prej tetë (8) ditëve nga dita e publikimit të kësaj shpallje të paraqitet në hapësirat zyrtare të Komunës së Jegunovcit për pranimin e Aktvendimit, çdo ditë pune nga ora 08,00 deri ora 16,00.

Nëqoftëse personi i lartpërmendur nuk paraqitet në afat pre tetë(8) ditë, kjo shpallje publike do të llogaritet si e dorëzuar në mënyrë të rregullt në pajtim me neni 87 paragrafi 2 të Ligjit për procedurë të përgjithshme administrative („Gazeta zyrtare e RM-së nr. 124/15 dhe 65/18).

Komuna e Jegunovcit
Kryetar
Dimitar Kostadinoski,d.v.

С О Д Р Ж И Н А

Страна

1. Решение за прогласување на Одлука за недавање на согласност на Завршна сметка на Центарот за развој на Полошки плански регион за 2024 година 1

2. Одлука за недавање на согласност на Завршна сметка на Центарот за развој на Полошки плански регион за 2024 година..... 2

3. Решение за прогласување на Одлука за недавање на согласност на Годишниот извештај за спроведување на програмата за развој на Полошки плански регион 2021-2026 за 2024 година 3

4. Одлука за недавање на согласност на Годишниот извештај за спроведување на програмата за развој на Полошки плански регион 2021-2026 за 2024 година 4

5. Јавна објава за доставување на решение..... 5